**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Страница | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6474 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ 1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
     *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
     *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
   - **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
     *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
     *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
     *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
   - **Член 75-б од Изборниот законик**
     *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во*

*програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

- **Член 76-а ставови 2, 3, 4 и 11 од Изборниот законик**

  (2) *„За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

  (3) *„Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување";*

  (4) *„Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух".*

  (11) *„Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес".*

## 6. Констатации од надзорот:

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупната информативна минутажа од 7 часа 25 минути и 35 секунди, новинарски главно обработена низ основните жанровски форми на вест и на извештај, евидентирана е во периодот од 1 до 9 декември, од изданијата на ТВ дневниците од 17 и од 19:30 часот (со исклучок на ТВ-дневникот од 23 часот емитуван 9 декември, методолошки релевантен бидејќи претставуваше збир од прилози за завршните настани од партиската / коалициската кампања).

И во завршниот период од официјалната изборна кампања, МРТ1 сосем прецизно се придржуваше до интерните уредувачки принципи утврдени во *„Правилата за медиумско покривање на изборни процеси - за рамномерно политичко претставување"*, што претставуваат функционална разработка на комплексот општи регулациски правила опфатени со членот 75 од Изборниот законик (таксативно наведени во точка 5 од извештајов), и на обврската за распределба на информативното време за учесниците во изборната кампања како што е утврдена според членот 76-а став 2 од Изборниот законик:

> *За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

Следејќи ги наведените правила од Изборниот законик, анализираната структура на ТВ-дневниците од 17 и од 19:30 часот беше наполно прецизно врамена во посочениот „математички образец" – 30% + 30% + 30% + 10%, за што сведочи и деталниот увид во статистиката за распределбата на информативното време емитувано во финалниот календарски период за предизборната кампања, од 1 до 9 декември 2016 година:

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:08:28 | 51,10 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:05:31 | 48,90 % |
| **Вкупно за тема:** | **02:13:59** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:52:52 | 39,97 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:37:07 | 28,07 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:42:16 | 31,96 % |
| **Вкупно за тема:** | **02:12:15** | 100 % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:16 | 7,02 % |
| Други субјекти | 00:18:41 | 14,16 % |
| Вести од светот | 00:28:20 | 21,48 % |
| Граѓански сектор | 00:18:00 | 13,64 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:51 | 5,19 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:04 | 4,60 % |
| Судство | 00:04:46 | 3,61 % |
| Претседател на РМ | 00:08:48 | 6,67 % |
| Влада на РМ | 00:09:14 | 7,00 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:45 | 2,08 % |
| ДИК и други органи | 00:09:37 | 7,29 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:21 | 1,02 % |
| Без субјекти | 00:06:32 | 4,95 % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:41 | 1,28 % |
| **Вкупно за тема:** | **02:11:56** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:11:44 | 24,75 % |
| Либерална партија | 00:07:26 | 15,68 % |
| Левица | 00:08:41 | 18,31 % |
| Беса | 00:09:03 | 19,09 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:07:39 | 16,13 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:52 | 6,05 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:47:25** | 100 % |
| **Вкупно:** | **07:25:35** | |

Следејќи го принципот – „*информативен баланс според бројот на потврдени кандидатски листи*", МРТ1 обезбеди рамноправна распределба на времето за кампањите на учесниците во изборната кампања: Во 30% од вестите наменети за активностите од кампањите на политичките партии од власта, речиси еднакво е дистрибуирано времето меѓу двата учесника во изборниот процес со по 7 потврдени листи - за Коалицијата

предводена од ВМРО ДПМНЕ – 1 час 8 минути и 28 секунди, и за ДУИ – 1 час 5 минути и 31 секунда. Во 30% од вестите наменети за активностите од кампањите на политичките партии во опозиција, дистрибуцијата на времето, исто така, го следи принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи - за Коалицијата предводена од СДСМ со седум потврдени кандидатски листи се одвоени – 52 минути и 52 секунди; за Коалицијата за промени и правда со шест потврдени кандидатски листи се одвоени – 42 минути и 16 секунди; и за ДПА со потврдени кандидатски листи во 5 изборни единици се одвоени – 37 минути и 7 секунди. За принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи и за интензитетот на активностите во рамките на кампањите се водеше сметка и во 10% од вестите наменети за информации од кампањите на вонпарламентарните политички партии. Времето беше распределено на следниов начин: Коалиција ВМРО за Македонија (11 минути и 44 секунди); Либерална партија (7 минути и 26 секунди); Левица (8 минути и 41 секунда); Беса (9 минути и 3 секунди); Коалиција „Алијанса за Албанците" (7 минути и 39 секунди); и за ПДП (2 минути и 52 секунди).

Истите професионални (уредувачки / продукциски / технички) стандарди беа почитувани и при новинарското обликување на поединечните прилози – главно: вести (во низа, доколку во првиот ТВ-дневник се најавуваше, а во вториот ТВ-дневник се обработуваше некој од организираните облици на предизборна агитација) и извештаи, со рамномерна минутажа – од вкупно по 22/25 минути за (нахсинхронизирани, тонски) цитати од јавно искажаните политички поенти на споменатите парламентарни и вонпарламентарни партии и/или предизборни групации.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Граѓански сектор | 00:06:51 | 3,52 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:00 | 1,54 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:12 | 1,64 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:26 | 1,25 | % |
| Други субјекти | 00:08:24 | 4,32 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:47 | 12,22 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:22:29 | 11,55 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:22:33 | 11,59 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:25:05 | 12,89 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:25:18 | 13,00 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:09:37 | 4,94 | % |
| Либерална партија | 00:05:59 | 3,07 | % |
| Беса | 00:06:55 | 3,55 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:05:28 | 2,81 | % |
| Влада на РМ | 00:04:20 | 2,23 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:20 | 0,17 | % |
| Левица | 00:06:55 | 3,55 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:14 | 1,15 | % |
| Претседател на РМ | 00:05:37 | 2,89 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:58 | 0,50 | % |
| Судство | 00:01:04 | 0,55 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:04 | 1,06 | % |
| | **Вкупно: 03:14:36** | **100** | **%** |

Во задолжителните 30% од вкупното информативно време за домашни и за светски општествено-политички актуелности, мониторингот најголема минутажа прибележи за категориите - „други субјекти“ и „граѓански сектор“, засебно застапени со по 18 минути. Во тој статистички опфат, од домашните организирани настани и случувања со „граѓански“ предзнак, позабележителни и по минутажа и по содржина, беа следниве прилози: *Медицинска статистика поврзана со државната (не)грижа за ХИВ-позитивните лица, прикажана преку општествениот дијалог меѓу Платформата за превенција и поддршка против ХИВ и Клиниката за инфективни болести; јавната расправа за улогата на медиумите во изборниот процес, со учество на ЗНМ, на Советот за етика во медиумите и на Македонскиот институт за медиуми; потребата од засилување на социјалната грижа за децата со пречки во развојот, истакната од Заводот за рехабилитација и од дефектолози; одбележување на Меѓународниот ден на луѓето со инвалидитет, на кое учествуваа Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет, Центарот за помош на лицата со интелектуална попреченост, Националниот сојуз на глуви и наглуви, и Министерството за труд и социјална политика; контекстуално мотивираната - реакција на Заводот за рехабилитација; блокадата на пристапните патишта до РЕК Битола, како протест на битолското граѓанско здружение „За нас се работи“ против аерозагадувањето; континуираните несогласувања во раководството на ССМ; повикот на Народниот правобранител да не се злоупотребуваат децата во изборните кампањи; протестите на граѓаните исклучени од топлификација; реакцијата на Бачев, челникот на НДМ, против одлуките на ДИК да ги одбие листите за пратеници на оваа партија; меѓународни саемски настапи на македонски фирми членки на Сојузот на стопанските комори; граѓански протести на „Смог аларм“ во Скопје против аерозагадувањето; енергетскиот биланс за 2017 година, презентиран пред бизнис заедницата; јавна трибина - „Администрацијата и владеењето на правото“, со учество на ССМ и Центарот за управување со промени; дебатата за состојбата со човековите права во Македонија, организирана од Институтот за човекови права, со учество на Народниот правобранител; дебатата – „Жени жртви на семејно насилство – потенцијални бездомнички“ – организирана од невладините „Паблик“ и Национална мрежа против насилство; предизборниот мониторинг на НВО „Ние одлучуваме“, со 30 пријави за изборни нерегуларности; дебатата организирана од Институтот за општествени науки, на тема - „Вистинската цена на евтината работна сила“.*

Покрај редовните прилози за финалните организациски работи на Државната изборна комисија (*првичните финансиски извештаи од трошоците на партиите/коалициите за кампањата; гласањето на членовите на одборите во странство; повлекувањето на печатите од претходниот изборен циклус; средбите на ДИК со премиерот Димитриев, за поддршка на фер и демократска изборна процедура;*), во 30% отсто дневни информации за актуелностите од внатрешно-политичкиот живот во Републиката, беа застапени и органите на државата управа, и активностите на државниот врв, што МРТ1 најчесто ги проследуваше преку дипломатските активности на Претседателот на државата и на Министерството за надворешни работи (*средбите на претседателот Иванов со ЕУ-амбасадорот Жбогар, и со амбасадорот на САД Бејли, за време на меѓународната конференција насловена - „Предизвици на третиот милениум“; посетите што Иванов, како врховен командант на Македонската армија, ги оствари со одбранбените сили распоредени по јужната македонска граница; дипломатските активности на Попоски, министерот за надворешни работи во Хамбург, на 24-от Министерски совет на ОБСЕ, и неговата билатерална средба со Сијарто, шефот на унгарската дипломатија; прилози за учеството на државниот македонски врв во чествувањата во Скопје и во Охрид по повод „Денот на Св. Климент Охридски“;*). Информативната редакција на МРТ1 известуваше и за тековни процеси во судската власт, и за функционалната поврзаност на различни судски инстанци со процесите што ги води Специјалното јавно обвинителство (*изборот на вршители на должност - претседатели на Врховниот и на Кривичниот суд; инспекциски надзор врз кадровските решенија во РЕК Битола; претставките за изборна корупција поднесени до Државната комисија за спречување на корупцијата од Андонов, дополнителниот заменик министер за внатрешни работи, против Спасовски, актуелниот министер за внатрешни работи, и контекстуално поднесените приговори од опозицискиот СДСМ; резултатите од работата на Комисијата за следење изборни*

*нерегуларности при Јавното обвинителство;).* Од ретките прилози директно поврзани со македонската економија, информативно место им беше отстапено на *активностите на државниот Фонд за доделување грантови за бизнис-иновации,* и на две странски инвестиции - *на бугарската компанија „Минстрој" во рестартирањето на рудниците Злетово и Тораница, и на американската „Broadstone security" за изградба на фабрика за оружје во Македонски Брод.*

МРТ1 - Првиот телевизиски канал на Јавниот радиодифузен сервис, ја исполни обврската - да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух, така што на знаковен јазик преведе осум изданија на ТВ-дневникот од 15 часот, и на изданието на ТВ-дневникот емитувано од 13 часот на 3 декември (сабота).

## *Посебни информативни емисии*

### *Интервју*

На 8 декември, во централното издание на ТВ-дневникот од 19:30 часот, водителката посочи дека актуелно-информативната емисија „Акцент" била замислена како дебата помеѓу четворицата партиски лидери потписници на т.н. „Договор од Пржино", но дека на повикот од МРТ1 се одзвал само Зоран Заев, лидерот на опозицискиот СДСМ. Поради тоа, од 20 часот беше емитувано 15-минутно интервју со Заев (репризирано на 9 декември од 16:40 часот, преведено на знаковен јазик за гледачи со оштетен слух), при што беа презентирани клучните програмски понуди на СДСМ: планови за развој на македонската економија; односот кон државната/јавната администрација; реконструкција на судскиот систем; ставовите на Заев и на СДСМ за федерализацијата и за двојазичноста; приодот кон т.н. „албански гласови" на изборите; надворешна – евроатлантска – политика; очекувањата за денот на гласањето и по завршувањето на изборниот процес.

### *Дебати*

На 1 декември, од 20 часот емитувана е едночасовна дебата во емисијата „Акцент" (реприза на 2 декември, од 1 часот полноќ и од 15:45 часот), на тема: Внатрешна политика, со фокус врз третата – судската власт, а дебатираа: Рената Тренеска Десковска од СДСМ и Талат Џафери од ДУИ. Пред почетокот, водителот нагласи дека претставниците на ВМРО ДПМНЕ и на ДПА не учествуваат - секој од свои причини.

На 6 декември од 20 часот (реприза на 7 декември од 16 часот), во емисијата „Од наш агол", на тема – Здравството во програмите на учесниците во изборната кампања (*инвестиции во здравствениот систем; квалитет на здравствените услуги;*) дебатираа: проф. д-р Виктор Камиловски, претставник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, и д-р Јагода Шахпаска, претставничка на Коалицијата предводена од СДСМ.

***Сектор за програмски работи***